Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-274/7
23.05.2023 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 22, став 1, точка 5, 6 и 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 19 од Статутот на Општина Градско („Сл.гласник на Општина Градско“ бр. 2/06),

Советот на Општина Градско на 21-та седница одржана на 23.05.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА
## За измени и дополнување на Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието, културата и спортот во 2023 година

Во Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието, културата и спортот во 2023 година донесена на седница на Совет на општина Градско на ден 13.12.2022 година број 08-685/5, насловот на истата се менува и гласи:

Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието, културата,спортот и туризмот во 2023 година.

Делот **I.ЦЕЛИ** се менува и гласи:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Градско кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, културата, спортот и туризмот;
- Планирање на развојот на образованието, културата, спортот и туризмот;
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес и создавање услови за развој на културата, спортот и туризмот;

Во дел **II.АКТИВНОСТИ**, во став 1 по зборот културата сврзникот „и“ се брише и по спортот се додава „и туризмот“.

Во точка **2. Во областа на културата**, после алинеја 4 се додава нова алинеја која гласи:

- Одбележување на Патронот на Градско „Св. Апостол Павле“ -13 Јули.
  Вредност: 100.000,00 денари
  Извор на финансирање: Буџет на Општина Градско
  Рок: 13 Јули 2023 година

Во точка **3. Во областа на спортот**, во алинеја 3 вредноста 30.000,00 денари се заменува со „100.000,00 денари“;

во алинеја 4 вредноста 30.000,00 денари се заменува со „100.000,00 денари“;

по алинеја 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

- Непредвидени спортски манифестации.

Вредност: 60.000,00 денари
Извор на финансирање: Буџет на Општина Градско
Рок: тековно 2023 година

По точка **3. Во областа на спортот**, се додава нова точка: **3.а Во областа на туризмот:**

- Манифестација „Градско, храна и вино“.
  Вредност: 500.000,00 денари
  Организатор: По Одлука за делегирана надлежност
  Извор на финансирање: Буџет на Општина Градско
  Рок: јули 2023 година

Во точка **4. Други манифестации**, алинеја 7 се брише.

Во дел **III.ФИНАНСИРАЊЕ** по зборот културата сврзникот „и“ се брише и по спортот се додава „и туризмот“.

Во дел **IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ** по зборот културата сврзникот „и“ се брише и по спортот се додава „и туризмот“.

Измените и дополнувањата влегуваат во сила со денот на нивното донесување, а ќе бидат објавени во Службен гласник на општина Градско.

Совет на Општина Градско
Претседател

Мирјана Ѓорѓиева